Врз основа на член 20 од Уставот на Република Македонија (Службен весник на РМ број 52/91) и Законот за здруженија и фондации (Службен весник на Република Македонија бр. 52/10 и бр. 135/2011), членовите на Собранието на Радиоаматерската Асоцијација на Северна Македонија, на седницата одржана во Скопје на 11.05.2019 година, го донесоа следниот :

# СТАТУТ

## НА РАДИОАМАТЕРСКА АСОЦИЈАЦИЈА НА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

### I.ОПШТИ ОДРЕДБИ

**Член 1**

Радиоаматерската Асоцијација на Северна Македонија (во понатамошниот текст Асоцијација), е здружение во кое доброволно, со слободно изразена волја се здружени радиоаматерски клубови и радиоаматери поединци од територијата на Република Северна Македонија, за остварување на целите во областа на ширењето и развојот на техничката култура и образование на граѓаните во областите на електрониката, радиотехниката, телекомуникациите и информатичката технологија, како и правата и обврските кои произлегуваат од Уставот, законите и другите подзаконски прописи и овој Статут.

**Член 2**

Името на здружението е: Радиоаматерска Асоцијација на Северна Македонија

Скратено име : РАСМ

Име на Англиски : Radioamateur Association of Northern Macedonia

**Член 3**

Седиште на Асоцијацијата е во Скопје , со адреса : Градски ѕид број 5, во просториите на Сојузот на здруженија за техничка култура-Народна техника.

**Член 4**

Асоцијацијата е неполитичко, невладино и непрофитабилно здружение, кое во својата работа е самостојно и не прави разлика на национална, верска, расна или друга припадност на своите членови.

**Член 5**

Асоцијацијата своите цели го остварува на територијата на Република Северна Македонија.

**Член 6**

Асоцијацијата е правно лице со права, обврски, одговорности и овластувања кои се утврдени со Уставот, законските прописи и овој Статут.

Асоцијацијата има своја трансакциска сметка. Во платниот промет настапува во свое име и за своја сметка.

**Член 7**

Радиоаматерската асоцијацијата на Северна Македонија се конституира со слободно здружување на најмалку 2 (два) Радиоаматерски клубови или најмалку 6 радиоаматери поединци.

**Член 8**

Асоцијацијата има свој амблем и знаме.

Амблемот има облик на развлечен ромб со однос на страните 2:1. Подлогата на ромбот е со црвена боја, а рабовите и нацртаните симболи: антена, кондензатор, скратеното име поставено во средината на ромбот напишано со кирилично писмо, навивка и заземјување се со златно-жолта боја. Во позадина на скратеното име, во средината на ромбот е поставено кроки на географска карта на РМ од чија средина лево и десно концентрично се простираат по пет апликации на радио бранови испишани со цнра боја.

Знамето има правоаголна форма со однос на страните 2:1. Бојата на знамето е црвена. Во средината на знамето е поставен амблемот на Асоцијацијата.

**Член 9**

Асоцијацијата има свој печат и штембил, со текст испишан со кирилично писмо.

Печатот има тркалезна форма со амблем во средината и околу него испишан текс: Радиоаматерска Асоцијација на Северна Македонија Скопје.

Штембилот има правоаголна форма со истиот текст како печатот, со тоа што има место за број и дата.

**Член 10**

Програмата и дејствувањето на Асоцијацијата не може да бидат насочени кон:

- Насилно уривање на уставниот поредок на државата,
- Политичко дејствување и ставање на своите ресурси за цели на политички партии,
- Поттикнување и повикување на вооружен судир или немири,
- Поттикнување и повикување на верска, национална, политичка или расна омраза и нетрпеливост,
- Секакви активности кои се во спротивност на Уставот и законите и овој Статут

## II.ЦЕЛИ И ЗАДАЧИ НА АСОЦИЈАЦИЈАТА

**Член 11**

Цели на Асоцијацијата се:

- Ширење и развој на техничката култура и едукација на граѓаните, особено на децата и младите, во областа на електрониката, радиотехниката, телекомуникациите и информатичката технологија.
- Развивање, унапредување на конструкторските, спортско-техничките натпреварувачки активности во областа на електрониката и радио-комуникациите.
- Организирање и спроведување на стручни предавања, семинари и слични акции како форма за усовршување на стручната и воспитна работа на радиоаматерите.
- Развивање и унапредување на заедничките аматерски радио-комуникациски систем.
- Организирање на спортско-технички натпревари на сите нивоа.
- Заштита на животната средина од областа на радио-комуникацијата
- Афирмација на добри меѓународни односи.
- Почитување на човековите права и потребите на лицата со инвалидитет.
- Обезбедување на услови за работа на радиоаматерските клубови и радиоаматерите преку набавка и одржување на радиоаматерски уреди, опрема и други технички средства.
- Организирање и оспособување на радиоаматерска мрежа за опасности (РМЗО) и учество на радиоаматерските клубови и радиоаматерите во случај на вонредна ситуација, елементарни непогоди, катастрофи и во хуманитарни акции.
- Извршување на административно-технички работи за потребите на Асоцијацијата, радиоаматерските клубови и радиоаматерите поединци.
- Информирање на членството

**Член 12**

Целите на Асоцијацијата се остваруваат преку:

- Соработка со надлежните органи при подготовка и донесување на закони и прописи во делови во кои се регулирааат техничките услови од областа на радиоаматерските фреквенции и начинот на користење на радиоаматерските станици и уреди, поради остварување на своите прави и обврски кои произлегуваат од донесените закони и прописи од интерес на радиоаматерите.
- Посредување помеѓу членовите и надлежниот орган за издавање на одобренија за работа на радиоаматерски фреквенции и радиоаматерски уреди во радиоаматерската служба.
- Соработка со факултети, школи, стручни здруженија и други организации кои се занимаваат со електроника, радио-комуникации и информатички технологии.

- Организирање на предавање, стручни и семинарски работи од областа на аматерските радио-комуникации
- Учество во работата на домашни и меѓународни здруженја во кои членува Асоцијацијата.
- Прием, обработка и испраќање на QSL картички (QSL биро)
- Организирање и спроведување на државни, меѓународни и друг вид на натпревари од радиоаматерски карактер.
- Учество на меѓународни и друг вид радиоаматерски натпревари.
- Застапување на членовите пред домашни и странски органи, организации и асоцијации, согласно пренесени овластувања од законски прописи.
- Вршење на административно-технички, економски и финансиски работи за потреба на Асоцијацијата.
- Навремено и правилно информирање на своите членови.

## III.УСЛОВИ И НАЧИН НА ПРИСТАПУВАЊЕ - ЗАЧЛЕНУВАЊЕ, ПРЕСТАНОК НА ЧЛЕНСТВО, ПРАВА, ОБВРСКИ И ОДГОВОРНОСТИ

### Член 13

Членувањето во Асоцијацијата е доброволно.

За прием во Асоцијацијата, заинтересираните треба да поднесат писмено барање – Пристапница, во која се наведува дека ќе се почитува Статутот и утврдените правила на Асоцијацијата, своерачно потпишана од радиоаматерот поединец, односно од овластеното лице на радиоаматерскиот клуб.

Пристапницата е акт со сила на Договор за здружување

### Член 14

Радиоаматерските клубови кон Пристапницата поднесуваат фотокопија од важечко Одобрение за користење на радиофреквенции во радиоматерската служба издадено од надлежен орган и фотокопија од актот за регистрација како правно лице.

Радиоаматер поединец кон Пристапницата треба да поднесе и фотокопија од важечко Одобрение за користење на радиофреквенции во радиоматерската служба издадено од надлежен орган.

Лице кое се занимава со аматерска радио-гонометрија, конструкторство или со други области од радиотехниката, телекомуникациите и електрониката, а нема Одобрение за користење на радиоаматерски фреквенции во радио-аматерската служба, кон Пристапницата треба да поднесе и писмена изјава заверена на нотар дека се занимава со некоја од радиоаматерските активности.

Лице помладо од 18 (осумнаесет) години, кон Пристапницата треба да поднесе и писмена согласност од родител/старател заверена на нотар.

Странски државјанин кој сака да биде член во Асоцијацијата, кон Пристапницата треба да поднесе потврда за регулиран престој во Република Македонија подолг од 30 дена, како и истите услови за член радиоаматер поединец.

За прием во членство на Асоцијацијата одлучува Извршниот одбор.

ЦЕНТРАЛЕН РЕГИСТАР НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
РЕГИОНАЛНА РЕГИСТРАЦИОНА КАНЦЕЛАРИЈА-СКОПЈЕ
*СКОПЈЕ*

**Член 15**

Во Асоцијацијата се води Регистер на членови, кој се ажурира по потреба, а најдоцна на секои две години.

Ажурираниот регистер на членови задолжително се објавува на ВЕБ страницата на Асоцијацијата, во рок од 8 (осум) дена од денот на ажурирањето.

**Член 16**

Членувањето во Асоцијацијата престанува во следните случаи:

- Со доброволно истапување,
- со исклучување од членство,
- Во случаи предвидени и регулирани со Закон,
- Со неподмирување или со нередовно подмирување на годишната членарина кон Асоцијацијата.

**Член 17**

- Членовите ги имаат следните права, обврски и одговорности:
- Да даваат предлози за обликување на програмата за работа и активности на Асоцијацијата,
- Да учествуваат во активностите кои ги организира Асоцијацијата,
- Да бираат и да бидат бирани или именувани во органите и телата на Асоцијацијата. Странски државјанин нема право да биде биран или именуван во орагните и телата на Асоцијацијата,
- Да добиваат признанија и награди за својата успешна радиоаматерска активност и работа,
- Аматерските радиостаници и радио уреди да ги користат согласно законските прописи,
- Да ги користат услугите и помошта на стручната служба на Асоцијацијата,
- Редовно да ја подмируваат годишната членарина,
- Да ги почитуваат и да се придржуваат кон утврдените начела и одредбите на донесените акти, правила и прописи од страна на Собранието и органите на Асоцијацијата.

**Член 18**

Одговорноста на членовите, постапките и мерките за непочитување на утврдените норми на однесување во Асоцијацијата, се регулира со посебен дисциплински акт кој го донесува Собранието по предлог на Извршниот одбор или дисциплинската комисија, со просто мнозинство гласови од присутните членови – делегати на Собранието.

## IV.ОРГАНИ НА РАДИОАМАТЕРСКАТА АСОЦИЈАЦИЈА НА МАКЕДОНИЈА, НАЧИН НА НИВЕН ИЗБОР, ПРАВА, ОБВРСКИ И ОДГОВОРНОСТИ

### IV.1 Собрание на Асоцијацијата

**Член 19**

Собранието е највисок орган на Асоцијацијата.

Собранието се конституира од сите членови поединци и радиоматерски клубови со нивните членови кои ги имаат исполнето обврските предвидени за зачленување во Асоцијацијата и ја имаат редовно плаќано членарината и другите договорени давачки кон Асоцијацијата во последните 4 години.

Делегати со право на одлучувачки глас на Собранието претставуваат сите членови кои ги имааат исполнето обврските од став 2 (два) од овој член.

**Член 20**

Верификација на мандатите на делегатите се врши од страна на Верификациона комисија од три члена, по поднесен извештај за бројност на членови на Асоцијацијата и број на уплатени редовни членарини од страна на членовите на Асоцијацијата.

Начинот на избор на членовите на Верификационата комисија се регулира со Деловникот за работа на Собранието.

Ако по било кој основ, на некој член му прекинал мандатот, следен член на Верификационата комисија се избира по предлог на Дисциплинската комисија, со одобрение на Надзорниот одбор, од редот на членовите кои ги имаат исполнето сите обврски кои произлегуваат со членство во Асоцијацијата.

Пред секое Собрание Надзорниот одбор, по претходен извештај на Секретарот на Асоцијацијата ја проверува валидноста на Верификационата комисија.

Мандатот на делегатите трае 4 години, ако истите ги имаат исполнето своите обврски кои произлегуваат од правата и обврските на членовите на Асоцијацијата.

ЦЕНТРАЛЕН РЕГИСТАР НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА РЕГИОНАЛНА КАНЦЕЛАРИЈА СКОПЈЕ

**Член 21**

Собранието работи на седници.

Седница на Собранието може да биде изборна, редовна или вонредна.

Редовна седница се одржува по потреба, а најмалку еднаш годишно.

Изборна седница на Собранието се одржува еднаш на 4 (четири) години, на која се врши избор на Претседател, органи и тела на Асоцијацијата.

Седниците ги свикува и со нив раководи Претседателот на Асоцијацијата.

Седница се свикува и по предлог на мнозинство членови на Извршниот одбор, како и по барање на Надзорниот одбор или по барање на 1/3 (една третина) од делегатите на Собранието.

Ако во рок од 15 дена од поднесеното барање Претседателот на Асоцијацијата не свика седница на Собранието, седницата ја свикува подносителот на барањето за свикување на седница.

**Член 22**

Собранието може полноправно да работи и донесува одлуки ако на него присуствуваат повеќе од 1/2 (една половина) од делегатите на Собранието.

Во случај ако нема повеќе од 1/2 (една половина) делегатите, седницата на Собранието се одложува за 1 (еден) час. Ако и по изминатитот 1 (еден) час не се оствари потребниот кворум од делегатите на Собранието, истото може да продолжи со работа ако присуствуваат 1/3 (една третина) од делегатите на Собранието со активен мандат. Во сличај ако по 1 (еден час чекање нема присутни повеќе од 1/3 (една третина) од делегатите, тогаш седницата на Собранието се одложува, а Претседателот е должен во рок од 15 (петнаесет) дена да свика седница.

Кога седницата на Собранието се одржува во услови опишани во став 2 (два), во таков случај Собранието не може да донесува одлуки за кои е потребно 2/3 (дво-третинско) мнозинство, а сите други одлуки се донесуваат со 2/3 (дво третинско) мнозинство гласови од присутните делегати.

**Член 23**

На седница на Собранието се одлучува со јавно гласање.

Гласањето може да биде тајно само за избот на Претседател и / или членови на органите на Собранието.

Секој делегат има право на еден глас.

Начинот на работа на седницата на Собранието се утврдува со Деловник за работа на Собранието, што го донесува Собранието на Асоцијацијата со 2/3 (дво третинско) мнозинство од присутниот број делегати на Собранието.

**Член 24**

Собранието ги врши следните работи

- Донесува Статут и Деловник со 2/3 (дво третинско) мнозинство од вкупниот број на делегати
- Донесува други акти од значење на Асоцијацијата
- Донесува Одлука за висина на годишната членарина за 2/3 (дво третинско) мнозинство од присутните делегати по предлог на извршниот одбор
- Донесува програма за работа со финансиски план
- Разгледува и усвојува годишни извештаи за работа на Извршниот одбор и Надзорниот одбор
- Усвојува завршна сметка и финансиски извештај
- Донесува одлука за промена на целите на здружувањето на Асоцијацијата
- Одлучува за основање и укинување облици на организирање на Асоцијацијата
- Одлучува за здружување или разделување, зачленување или истапување од членство во други домашни и меѓународни здруженија и организации

ЦЕНТРАЛЕН РЕГИСТАР НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
РЕГИОНАЛНА РЕГИСТРАЦИОНА КАНЦЕЛАРИЈА
СКОПЈЕ

- Констатира нови членови и престанок на членство по предлог на Секретарот на Асоцијацијата и/или Дисциплинската комисија
- Избира Претседател на Асоцијацијата од редовите на своите членови по претходно поднесена кандидатура
- Избира членови на Извршниот одбор по предлог на Претседателот на Асоцијацијата
- Избира Надзорен одбор од редовите на своите членови
- Избира Дисциплинска комисија од редовите на своите членови
- Одлучува за доделување на награди и признанија согласно утврден Правилник што ја регулира таа материја
- Одлучува за престанок со работа на Асоцијацијата со 2/3 (дво третинско) мнозинство гласови од вкупниот број членови на Собранието.
- Одлучува по барање за заштита на законитоста по конечни одлуки на органите и телата на Собранието на Асоцијацијата
- Одлучува за други прашања кои не се во надлежност на другите органи на Асоцијацијата
- Врши други работи во согласност со овој Статут, Уставот и Законите

**IV.2 Извршен одбор**

**Член 25**

Извршниот одбор е извршен орган на Собранието.

За бројот на членови на Извршниот одбор одлучува Собранието.

Членовите на Извршниот одбор ги избира Собранието, од редовите на членовите на Асоцијацијата, по предлог на Претседателот на Асоцијацијата. За секој член на Извршниот одбор се гласа поединечно. За избран член на Извршниот одбор ќе смета ако за него гласале мнозинство од присутните делегати.

**Член 26**

Извршниот одбор се состанува по потреба, најмалку еднаш на 4 (четири) месеци.

Извршниот одбор полноправно работи и одлучува ако на седницата присуствуваат повеке од половина членови.

На седниците на Извршниот одбор може да присуствуваат и поканети гости и членови на работни комисии.

Извршниот одбор го информира Надзорниот одбор пред одржување на секоја седница и упатува покана за присуство на истата.

**Член 27**

Извршниот одбор ги врши следните работи:

- Ги подготвува седниците на Собранието.
- Подготвува предлог текст на Статут и други акти што треба да ги донесе Собранието.

- Ги спроведува политиката, заклучоците и одлуките донесени на Собранието.
- Формира и разрешува постојни и времени комисии како помошни тела на Извршниот одбор.
- Организира и спроведува меѓународни, државни и други стручни семинари, собири, натпревари, технички смотри и слично, согласно програмата за работа усвоена од Собранието на Асоцијацијата.
- Организира и спроведува стручна служба за остварување и спроведување на административни, стручни и на нив слични работи, неопходни за функционирање на Асоцијацијата.
- Одлучува за основање на трговски друштва на Асоцијацијата.
- Управува и одговара за имотот и начинот на управување со имотот на Асоцијацијата
- Врши и другу работи за кои ке го овласти Собранието.
- За својата работа одговара на Собранието.

### IV.3 Претседател на Асоцијацијата

**Член 28**

Претседателот на Асоцијацијата истовремено е и Претседател на Собранието и Претседател на Извршниот одбор

**Член 29**

Претседателот ги врши следните работи:

- Ја претставува Асоцијацијата
- Ги свикува седниците на Собранието
- Ги свикува и раководи со седниците на Извршниот одбор
- Се грижи за извршување на задачите што ги утврдило Собранието
- Се грижи за спроведување на одлуките и заклучоците на Извршниот одбор
- Одговорен е материјално - финансиското работење на Асоцијацијата
- Предлага членови за состав на Извршниот одбор од редовите на членовите на Асоцијацијата
- Покренува постапка пред Собранието за разрешување и дава предлог за избор на друг член на Извршниот орган од редовите на членовите на Асоцијацијата
- Врши и други работи за кои ке го овласти Собранието.
- За својата работа ,Претседателот одговара на Собранието.

### IV.4 Надзорен одбор

**Член 30**

Надзорниот одбор е контролен орган на Собранието.

Надзорниот одбор е составен од 3 (три) члена кои ги избира и разрешува Собранието од редовите на членовите на Асоцијацијата.

На првата конститутивна седница, Надзорниот одбор од своите редови избира Претседател на Надзорниот одбор.

Функцијата член на Надзорен одбор е неспоива со функцијата делегат на Собранието.

Надзорниот одбор своите одлуки ги донесува со мнозинство гласови.

Мандатот на членовите на Надзорниот одбор е 4 (четири) години со можност за повторен избор.

**Член 31**

Надзорниот одбор ги врши следните работи

- Го контролира спроведувањето на Статутот
- Ја контролира работата на органите на Собранието.
- Врши увид и контрола во материјално - финансиското работење.
- Во случај на утврдена потреба има право да поднесе барање за свикување на седница на Собранието.
- За својата работа поднесува писмен извештај на Собранието.
- За својата работа одговара пред Собранието.

**IV.5 Дисциплинска комисија**

**Член 32**

Дисциплинската комисија на Асоцијацијата е составена од 3 (три) члена од редовите на членовите на Асоцијацијата.

На првата конститутивна седница од своите редови, членовите избираат Претседател на Дисциплинската комисија.

Дисциплинската комисија работи според Правилник за дисциплинска одговорност кој го донесува Собранието

Дисциплинската комисија за својата работа одговара на Извршниот одбор, и поднесува писмен извештај за својата работа на Собранието.

Дисциплинската комисија донесува одлуки со мнозинство гласови.

Мандатот на дисциплинската комисија е 4 (четири) години со право за повторен избор.

**IV.6 Секретар**

**Член 33**

Извршниот одбор именува Секретар на Асоцијацијата од редовите на членовите на Асоцијацијата, со мандат од 4 години, со можност за повторен избор.

Секретарот е раководител на стручната служба на Асоцијацијата со посебни овластувања во работењето.

Секретарот се избира со просто мнозинство гласови вкупниот број членови на Извршниот одбор.

**Член 34**

Секретарот ги врши следните работи:

- Ја застапува Асоцијацијата
- Се грижи за правилно спроведување на одлуките и заклучоците на Собранието, Извршниот орган и нивните органи и тела.
- Како овластено лице ги подготвува сите акти и документи за работа на Собранието, Извршниот одбор и нивните тела и органи
- Врши и други работи утврдени со актот на организацијата на работните места во стручната служба на Асоцијацијата.
- За својата работа одговара на Иврошниот орган.

## V. ТРАЕЊЕ НА МАНДАТ, НАЧИН НА НОСЕЊЕ НА ОДЛУКИ

**Член 35**

Мандатот на членовите на Собранието и неговите органи и тела е 4 (четири) години со мошност за повторен избор.

Мандатот може да престане ако носителот на мандатот не ги исполнува обврските пропишани со овој Статут и другите акти на Асоцијацијата.

За престанување на мандат се одлучува и се објавува на првата Седница на Собранието кога ќе се констатира прекршување на наведените обврски, по што веднаш, на истото Собрание, се врши избор на нов член на упразнетото место.

**Член 36**

За усвојување на Статут, за престанок на функционирање на Асоцијацијата, како и за утврдување на висината на членарината, Собранието ги донесува одлуките со 2/3 (дво третинско) мнозинство од вкупниот број делегати на Собранието.

За сите други случаи Собранието одлучува си просто мнозинство од присутните делегати на Собранието.

## VI.СТЕКНУВАЊЕ И РАСПОЛАГАЊЕ СО ИМОТ

**Член 37**

Асоцијацијата може да се стекнува со предмети, парични средства и имотни права од следните извори:

- Членарина
- Прилози
- Донации, спонзорства
- Подароци
- Добивка на трговски друштва основани од Асоцијацијата
- Од Буџетот на државата, градот Скопје, единиците на локалната самоуправа и меѓународни организации

**Член 38**

Средствата што Асоцијацијата ги стекнува согласно член 37 од овој Статут се сопственост на Асоцијацијата.

Користењето на средствата и материјално - финанисискорто работење на Асоцијацијата се врши согласно важечките Закони.

## VII. ЈАВНОСТ ВО РАБОТЕЊЕТО

**Член 39**

Работата на Асоцијацијата е јавна.

Јавноста во работењето се остварува со тоа што седниците на органите и телата на Асоцијацијата се јавни, со редовно известување на членовите и јавноста за активностите и настаните што се планираат и организираат - преку свои печатени или електронски изданија, односно преку нивно објавување на web страната на Асоцијацијата, социјалните мрежи, како и преку средствата за јавно информирање.

## VIII. ПРЕТСТАВУВАЊЕ И ЗАСТАПУВАЊЕ

**Член 40**

Асоцијацијата ја претставува Претседателот.

Асоцијацијата ја застапува Секретарот.

Во случај на спреченост, Претседателот може да овласти друго лице за да ја претставува односно да ја застапува Асоцијацијата.

## IX. ЗДРУЖУВАЊЕ ВО ДРУГИ ОРГАНИЗАЦИИ

**Член 41**

Асоцијацијата може да се зачленува и истапува од членство во домашни и меѓународни здруженија, организации, асоцијации и сојузи.

Членувањето не може да биде врз политички или идеолошки програми.

Одлуката за зачленување или истапување во врска со став 1 (еден) на овој член се донесува со 2/3 (дво-третинско) мнозинство на гласови од вкупниот број на делегати на Собранието на Асоцијацијата.

## X. ПРЕСТАНОК СО РАБОТА

**Член 42**

Асоцијацијата престанува со работа на следниот начин:

- Ако бројот на членовите се намали под бројот определен за основање
- **Ако е донесена одлука на Собранието со 2/3 (дво третинско) мнозинство од вкупниот број на делегати**

- Ако надлежен орган донел одлука во постапка предвидена со Устав и Закон
- Ако надлежен орган донел одлука со која утврдил дека Асоцијацијата престанала со работа
- Во други случаи предвидени со Закон.

## XII. РАСПОЛАГАЊЕ СО ИМОТ ВО СЛУЧАЈ НА ПРЕСТАНОК СО РАБОТА НА АСОЦИЈАЦИЈАТА

**Член 43**

Во случај на престанок на работа на Асоцијацијата, по подмирување на сите обврски кон други лица, преостанатиот имот се пренесува на чување или располагање на надлежниот државен орган.

## XII. ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

**Член 44**

Толкување на одредбите на Статутот дава Собранието на Асоцијацијата.

**Член 45**

За сите прашања кои не се регулирани во овој Статут непосредно ќе се применуваат одредбите од Законот за здруженија и фондации.

**Член 46**

Овој статут ќе се применува и ќе стапи на сила осмиот ден од неговото донесување и запишување кај надлежните органи.

Во Скопје на ден 11.05.2019 год.

Радиоаматерска Асоцијација на
Северна Македонија
Претседател,

Дмитар Попоски